Здружение на граѓани
Институт за човекови права-Скопје
Примено: 30.04.2018
Орг. Един. | Број: 0103-303 | Прилог: | Вредност:

Друштво за ревизија „Ефект плус“

Финансиски извештаи и Извештај на независниот ревизор

ЗА ГОДИНАТА КОЈА ЗАВРШУВА НА 31.12.2017
НА ИНСТИТУТОТ НА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Април, 2018

Содржина

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР....2

ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ЗА ГОДИНАТА КОЈА ЗАВРШУВА НА 31.12.2017 НА "ИНСТИТУТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА"....4

БИЛАНС НА ПРИЛИВИ И ОДЛИВИ....4

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА СРЕДСТВАТА, ОБВРСКИТЕ И ФОНДОВИТЕ....5

БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ....6

1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ....6
2. ОСНОВИ ЗА ПОДГОТОВКА....7
3. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ....7

Признавање на приходи....7

Признавање на расходи....7

Капитални расходи....8

Пресметување на странски средства за плаќање и сметководствен третман на курсните разлики....8

Недвижности, постројки и опрема....8

Побарувања....8

Пари и парични еквиваленти....9

Обврски кон добавувачи и останатите обврски....9

Ревалоризација....9

Придонеси за пензиско-инвалидско осигурување и обврски по основ на престанок на работниот однос...9

4. ПРИХОДИ ОД ЧЛЕНАРИНИ....9
5. ПРИХОДИ ОД ДОНАЦИИ....9
6. МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ....11
7. ДРУГИ РАСХОДИ....11
8. ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИ....11
9. НЕДВИЖНОСТИ, ПОСТРОЈКИ И ОПРЕМА....12
10. ПОБАРУВАЊА ОД ДРЖАВАТА....12
11. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА....12
12. ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ....12
13. ОСТАНАТИ СПРЕМА ДРЖАВАТА....13
14. Останати обврски....13
15. ПОСЛЕДОВАТЕЛНИ НАСТАНИ....13

Анекс 1....14

Ефект плус
ДРУШТВО ЗА РЕВИЗИЈА
Бул.Кузман Ј. Питу бр.15 лок 11, audit@macedonia.cc тел: 02/2465-243, 2401-371; Факс 02/2401-372

До

Собранието и Управниот одбор на

Институтот на човекови права

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Здружението на граѓани Институт за Човекови Права за 2017 година (Во натамошниот текст ИЧП Скопје), кои вклучуваат биланс на состојбата на ден 31.12.2017 година и биланс на приходи и расходи за периодот кој што завршува на тој ден и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки како и на финансискиот извештај за институционалниот грант добиен од страна на Македонскиот Центар за Меѓународна Соработка во рамките на проектотот Цивика мобилитас кој е презентиран во Анекс 1 кон финансиските извештаи.

Одговорност на менаџментот за финансиските извештаи

Менаџментот е одговорен за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации и за почитување на одредбите од договорт за институционалниот грант добиен од страна на Македонскиот Центар за Меѓународна Соработка во рамките на проектотот Цивика мобилитас. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка; избирање и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на ентитетот за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на ентитетот. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

Мислење

Според нашето мислење финансиските извештаи, во сите значајни аспекти, даваат вистинита и објективна слика за финансиската состојба на 31.12.2017 година, и приходите и расходите за годината која завршува на тој ден во согласност со Законот за сметководство за непрофитни организации во Република Македонија.

Извештај за други правни и регулативни барања

Мислење за усогласеноста на финансискиот извештај за Институционален грант со условите од договорот

Согласно договорот за институционалниот грант добиен од страна на Македонскиот Центар за Меѓународна Соработка во рамките на проектотот Цивика мобилитас утврдена е обврска за ревизорот да изрази мислење за финансискиот извештај за истиот.

Според нашето мислење, финансискиот извештај за Институционалниот грант имплементиран од Здружение на граѓани Институт за човекови права презентиран во Анекс I кон финансиските извештаи дава вистинска и објективна слика на трошоците и приходите за периодот 01.04.2017-31.12.2017 година и соодветните трошоци во вкупен износ од 877.150 денари се настанати во согласност со Законските прописи во Република Македонија и одредбите на Договорот за институционален грант број 11—178/1-2016 од 01.04.2016. Учеството на Договорниот орган изнесува 100% од трошоците.

Овластен ревизор кој ја вршел ревизијата:

Миов Николаки

Управител

Кристина Тилиќ

Друштво за ревизија ЕФЕКТ-ПЛУС ДООЕЛ СКОПЈЕ

Скопје, 30.04.2018

ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ЗА ГОДИНАТА КОЈА ЗАВРШУВА НА 31.12.2017 НА "ИНСТИТУТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА"

БИЛАНС НА ПРИЛИВИ И ОДЛИВИ

	белешки	2017 во денари	2016 во денари
Приливи		**8.824.607**	**8.526.900**
Приходи од членарини	(4)	19.200	7.200
Приходи од донации	(5)	7.241.569	7.893.215
Финансиски приходи		181	2.064
Други приходи		2.137	8.398
Пренесен дел од приходи од претходни години		1.561.520	616.023
Одливи		**(7.458.161)**	**(7.817.031)**
Материјални расходи и услуги	(6)	(1.948.959)	(2.083.646)
Други расходи	(7)	(3.026.618)	(3.913.245)
Плати и надоместоци од плати	(8)	(2.482.584)	(1.820.140)
Приливи над одливи пред данок од добивка		**1.366.446**	**709.869**
Данок од добивка			
Нето приходи над расходи		**1.366.446**	**709.869**

Финансиските извештаи се одобрени од страна на Раководството на ИЧП на ден 06.03.2018.

За ИЧП Скопје

Институт за човекови права Скопје

	белешки	2017 во денари	2016 во денари
СРЕДСТВА			
Нетековни средства		**193.302**	**247.367**
Недвижности, постројки и опрема	(9)	193.302	247.367
Тековни средства		**1.196.230**	**1.493.386**
Побарувања од државата	(10)	3.076	5.859
Парични средства	(11)	1.191.213	1.487.527
Активни временски разграничувања		1.941	0
Вкупно средства		**1.389.532**	**1.740.753**
КАПИТАЛ И ОБВРСКИ			
Вкупни обврски		**1.389.532**	**1.740.753**
Обврски спрема добавувачи	(12)	1.941	11.996
Обврски за даноци	(13)	21.145	22.057
Останати обврски	(14)	0	145.180
Пренесен вишок за наредна година		1.366.446	1.561.520
Вкупно извори на средства и обврски		**1.389.532**	**1.740.753**

За ИЧП Скопје

Институт за човекови права Скопје

БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Здружението на граѓани Институт за Човекови Права е стручна невладина организација, формирана со слободно здружување на граѓаните, заради остварување и унапредување на човековите права преку принципот на владеење на правото.

Институтот за Човекови Права е основано на 01.06.2009 година.

Цели и дејности на ИЧП се:

- почитување, унапредување и јакнење на човековите права и слободи како еден од најзначајните општествени вредности во демократското општество преку принципот на владеење на правото;
- врши едукација за човековите права и слободи на граѓаните, различни форми на здружување на граѓани и професии и на државните институции;
- промоција на општествените активности кои ќе ги обезбедуваат и развиваат човековите права и слободи;
- поттикнување и прифаќање на повисоки етички стандарди кај граѓаните;
- остварување соработка со сите релевантни институции во Република Македонија и странство во процесот на унапредување на системот на човекови права и слободи и владеењето на правото;
- учество во реформите коишто се однесуваат на човековите права и слободи во целокупниот правен систем на Република Македонија;
- активно следење и учество во процесот на приближување и усогласување на националните со меѓународно прифатените норми и стандарди на човековите права и слободи преку владеењето на правото;
- анализи на постоечките состојби и обезбедување на стручни услуги;
- се здружува со други здруженија на граѓани и членува во меѓународни и регионални организации;
- и други работи во сегментот на примената на принципите на владеење на правото.

Во Централниот Регистар на Република Македонија здружението е регистрирано со следните информации:

Полн назив на Здружението: Институт за човекови права
Скрате назив на Здружението: ИЧП Скопје
Датум на основање: 01.06.2009
Седиште на Здружението: Рајко Жинзифов бр 49А Скопје
ЕДБ: 4080009503585
ЕМБС: 6486703
Претежна дејност на Здружението: 94.99 – Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место.

Структура

Органи на ИЧП се:

- Собрание;
- Управен одбор;
- Советодавен одбор;
- Претседател на ИЧП;
- Извршен директор.

Претседател на Здружението: Маргарита Цаца Николовска
Лица овластени за застапување на Здружението: Маргарита Цаца Николовска и Агим Мифтари.
Извршен директор: Мирослав Драганов
Собранието како највисок орган на ИЧП го избира Управниот одбор, Советодавниот одбор и Претседателот на ИЧП.

2. ОСНОВИ ЗА ПОДГОТОВКА

Финансиските извештаи се подготвени во согласност со прописите на Република Македонија за непрофитни организации.

Финансиските извештаи се засновани на сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции и на претпоставката за континуитет. Финансиските извештаи се подготвени во согласност со усвоените сметководствени политики обелоденети во белешката три.

Функционална валута на Институтот за човекови права е македонскиот денар.

Финансиските извештаи и сите износи во нив се прикажани во македонски денари и се изготвени врз основа на податоците од работењето за период до 31.12.2017 година споредени со податоците од 01.01-31.12.2016 година.

3. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Основните сметководствени политики применети при составувањето на овие финансиските извештаи се следните:

Признавање на приходи

Приходите се признаваат според сметководственото начелото на модифицирано настанување на деловни промени односно трансакции. Приходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно. Приходите се расположиви кога се остварени во пресметковниот период или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот периодот под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и служат за покритие на обврските од тој пресметковен период.

Приходите по основ на членарини се признаваат во моментот на уплата.

Приходите од камати се признаваат соодветно на времето кое што го рефлектира ефективниот принос на средства под услов да се наплатени во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период.

Приходи од донации кои се однесуваат на повеќе пресметковни периоди се разграничуваат по периоди врз основа на совпаѓање со трошоците во периодот, за проектот финансиран со соодветната донација. Делот кој не е признаен на приход се искажува за донацијата во периодот.

Признавање на расходи

Расходите се признаваат според сметководственото начелото на модифицирано настанување на деловни промени односно трансакции, односно се признаваат во пресметковниот период во кој што настанале или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период под услов обврската за плаќање да настанала во тој пресметковен период.

Капитални расходи

Капиталните расходи се признаваат кога набавените средства ја зголемуваат очекуваната идна економска полезност од нематеријалните средства. Капиталните расходи се евидентираат кога се набавуваат фиксни средства или истите се доработуваат со што се додава вредност на веќе постоечките фиксни средства. Истите се евидентираат како средство во билансот и се евидентираат во деловниот фонд на ИЧП.

Пресметување на странски средства за плаќање и сметководствен третман на курсните разлики

Пресметка на сите побарувања и обврски во странски средства за плаќање во нивната денарска противвредност, се искажуваат по средниот курс важечки на денот на билансот на состојбата.

Позитивните и негативните курсни разлики што настанале со пресметка на побарувањата и обврските во странски средства за плаќање во нивната денарска противвредност се искажани во билансот на успех како приходи, односно расходи од финансирање во годината на која се однесуваат.

Вредноста на еврото на 31.12.2016 година според овој курс изнесува 61,4812 денари.

Недвижности, постројки и опрема

Едно средство се признава како опрема кога е сигурно дека субјектот го поседува истото и дека од него ќе остварува идни економски користи и кога трошоците за негово стекнување можат објективно да се измерат.

Набавната вредност на едно средство ја сочинуваат трошоците за негово стекнување, во кои влегуваат:

- фактурна вредност на средството (намалена за евентуалните попусти и рабати);
- цариниte и даноците при неговата набавка;
- трошоци за подготвување на местото;
- иницијални трошоци во врска со испорака и ракување;
- трошоци за монтажа и
- надомести на експерти поврзани со средството.

Опремата тековно се вреднува според набавна, историска вредност, намалена за акумулираната амортизација. Трошоците за тековно и инвестиционо одржување се искажуваат во рамките на административни и трошоци на продажба. Во случај на расходување или отуѓување на средствата, нивната неамортизирана вредност се искажува во рамките на останати расходи. Вредноста на средствата до 100 евра во денарска противвредност се евидентира како ситен инвентар.

Издатоците направени за време на употреба на материјалните средства се евидентираат одделно и се капитализираат само доколку се веројатни идните економски користи што ќе претставуваат приливи во Здружението.

Пресметката на амортизација е според праволиниска метода на отпис според пропишаните годишни стапки на амортизација за 2017 година се следните:

Опис	2017
Компјутери и опрема	25%

Побарувања

Побарувањата се признаваат според пресметаните износи согласно законските прописи.

Пари и парични еквиваленти

Парите и паричните еквиваленти се состојат од паричните средства во благајна, на трансакциски сметки, до тримесечни депозити во банки. Паричните средства во благајната и на сметките во домашна валута се прикажуваат во номинален износ, а во странска валута во денари според курсот на Народната банка на Република Македонија на денот на билансирањето.

Обврски кон добавувачи и останатите обврски

Обврските кон добавувачи и останатите обврски се искажуваат во висина на номиналните износи што произлегуваат од деловните трансакции.

Ревалоризација

Ревалоризацијата се врши на долгорочните средства поради нивно повторно вреднување со примена на стапката на порастот на цените на производителите на индустриски производи, објавена од Државниот завод за статистика.

Основица за ревалоризација е набавната вредност на средствата и нивната сметководствено искажана акумулирана амортизација. Резултатот се искажува во рамки на ревалоризационите резерви.

Придонеси за пензиско-инвалидско осигурување и обврски по основ на престанок на работниот однос

Здружението врши уплата на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување на вработените во согласност со домашната законска регулатива. Придонесите, засновани на платите на вработените, се уплатуваат во националниот фонд и преку него до приватни пензиски фондови за поедини вработени. Агенцијата нема никакви дополнителни обврски поврзани со плаќањето на овие придонеси.

Здружението нема направено резервирање за права на вработените по престанок на работниот однос, бидејќи се смета дека сумата е незначајна за финансиските извештаи и веројатноста за нивно настанување во догледно време е исклучително ниска.

4. ПРИХОДИ ОД ЧЛЕНАРИНИ

Приходот по основ на членарини за 2017 година изнесува 19.200 денари. (2016: 7.200 денари).

5. ПРИХОДИ ОД ДОНАЦИИ

Приходите од донации се наменски средства за однапред договорени активности и заклучно со 31.12.2017 година изнесуваат 7.241.569 денари (2016: 7.893.215 денари).

Деталите по донатори се прикажани во следната табела:

Донатор	2017	2016
Европска унија	1.198.804	4.587.094
Британска Амбасада	3.259.391	1.414.891
МЦМС Цивика	1.255.905	1.142.059
Европски Центар за Правата на Ромите Будимпешта	751.455	447.854
Амбасада на Кралството на Холандија	0	214.893
Амбасада на Канада во Србија	0	86.424
Македонско здружение на млади правници	104.400	0
Фондација отворено општество Македонија	671.614	0
Вкупно	**7.241.569**	**7.893.215**

Во 2017 година ИЧП заврши со имплементација на на проектот "Истражувачко новинарство – чувар на демократијата и човековите права" кој беше финансиран од Делегацијата на ЕУ во Македонија во рамките на програмата IPA Civil Society Facility and Media Programme 2014.

Во 2017 ИЧП продолжи со имплементација на проектот "Зголемен јавен надзор врз работата на Судскиот совет на РМ" кој е поддржан од Британска Амбасада Скопје. Проектот има за цел да ја запознае пошироката јавност со работата на Судскиот совет на РМ и да ја зголеми отчетноста и транспатентноста на Судскиот совет на Р.М. врз основа на аргументи, преку информирање на јавноста. Приливот по основ на овој проект за 2017 година изнесува 3.259.391 денари.

ИЧП како корисник на институционален грант во рамките на Цивика мобилитас, програмата за поддршка на граѓанското општество во текот на 2017 година има остварено приход во вкупен износ од 1.255.905 денари. Цивика мобилитас е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), претставуван од Швајцарската амбасада во Република Македонија кои го спроведуваат NIRAS од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Шведскиот институт за јавна администрација (SIPU). Визијата на проектот е Македонија во која граѓанското општество игра позитивна улога во реализацијата на потенцијалот на земјата и на сите нејзини граѓани.

Во 2017 година ИЧП со поддршка од Европскиот Центар за правата на Ромите (ЕРРЦ) спроведе истражување за состојбата на учениците Роми во основното образование во РМ и започна со имплементирање на проектот „Проблемите со кои се соочуваат учениците Роми при нивната реинтеграција во образовниот процес, по нивното враќање од западно-европските земји". Вкупниот приход од донаторот ЕРРЦ за 2017 година изнесува 751.455 денари.

На 02.04.2017 ИЧП како партнерска организација започна со имплементација на проектот "Правна подготвеност за инспекции во граѓанските организации" поддржан од програмата CIVICA Mobilitas. Овој ад хок проект го имплементираа Македонското здружение на млади правници (МЗМП), Институтот за човекови права (ИЧП) и Коалицијата сите за правично судење со цел да се спречат негативните ефекти од инспекциите (на кои беа подложни 21 организација) и да се зајакне довербата меѓу самите граѓански организации за нивното правилно работење како основа за остварување на правото на здружување и изразување и да се зајакне граѓанското општество како институција/сектор на подолг рок. Периодот на имплементација на проектот е 02.04.2017-02.08.2017 година, а приходот по основ на овој проект за 2017 година изнесува 104.400 денари.

На 23.06.2017 ИЧП започна со имплементација на проектот "Заедничка акција за итни реформи во судството" кој е поддржан од Фондација Отворено Општество Македонија. Целта на проектот е зајакнување на транспарентноста, отчетноста и професионалноста на органите на правосудството. Периодот на имплементација на проектот е 01.07.2017-30.06.2018 година, а приходот по основ на овој проект за 2017 година изнесува 671.614 денари.

6. МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ

Опис	2017	2016
Потрошени материјали	274.051	248.911
Потрошена енергија	52.089	60.530
Амортизација	100.064	58.956
Други услуги	348.583	
Превозни-транспортни услуги	330.727	492.932
Издатоци за организирање обуки и настани	392.037	537.355
Наемнини	436.072	485.127
Други материјални расходи	15.336	199.835
Вкупно	***1.948.959***	***2.083.646***

7. ДРУГИ РАСХОДИ

Опис	2017	2016
Провизија за платен промет	53.102	36.855
Премии за осигурување	7.974	
Дневници за службени патувања и патни трошоци	154.246	339.068
Негативни курсни разлики	3.434	3.334
Членарини	648	
Интелектуални и други услуги	2.770.322	3.532.688
Останати други расходи	36.892	1.300
Вкупно	***3.026.618***	***3.913.245***

Трошоците за интелектуални услуги се однесуваат на трошоци за исполнување на усуги од надворешни физички и правни лица поврзани со активностите на ИЧП во рамки на проектните цели.

8. ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИ

Износот на вкалкулираните плати на 31.12.2016 година изнесуваат вкупно 2.482.584 денари. (2016: 1.820.140 денари). Бројот на вработени на 31.12.2017 изнесува 4 лица (2016: 4 лица).

Опис	2017	2016
Нето плата	1.666.851	1.227.631
Придонеси од плата	670.293	491.429
Персонален данок од плата	145.440	101.080
Вкупно	***2.482.584***	***1.820.140***

9. НЕДВИЖНОСТИ, ПОСТРОЈКИ И ОПРЕМА

Почетната состојба, промените во текот на 2016 година и состојбата на нетековните средства на 31.12.2016 е следна:

Опис	Опрема и канцелариски мебел
Набавна вредност	
Состојба со 01.01.2017	372.659
Зголемувања во текот на годината	45.999
Состојба со 31.12.2017	418.658
Акумулирана исправка на вредноста	
Состојба со 01.01.2017	125.292
Трошок за годината-аморт.	100.064
Состојба со 31.12.2017	225.356
Набавна вредност	
Состојба со 01.01.2016	196.881
Зголемувања во текот на годината	175.778
Состојба со 31.12.2016	372.659
Акумулирана исправка на вредноста	
Состојба со 01.01.2016	66.336
Трошок за годината-аморт.	58.956
Состојба со 31.12.2016	125.292
Нето вредност на 01.01.2017	**247.367**
Нето вредност на 31.12.2017	**193.302**

Во текот на 2017 извршена е набавка на копир апарат.

10. ПОБАРУВАЊА ОД ДРЖАВАТА

Износот од 3.076 денари претставува побарување по основ на повеќе платен данок на добивка (2016: 5.859 денари).

11. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА

Опис	2017	2016
Жиро сметки во денари	1.179.173	1.485.797
Благајна	1.032	586
Бизнис картичка	11.008	1.144
Вкупно	**1.191.213**	**1.487.527**

12. ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ

Обврските кон добавувачи на 31.12.2017 година изнесуваат 1.941 денари (2016: 11.996 денари).

13. ОСТАНАТИ СПРЕМА ДРЖАВАТА

Обврската по основ на персонален данок заклучно со 31.12.2017 изнесува 21.145 денари (2016: 22.056 денари).

14. Останати обврски

Износот на останати обврски заклучно со 31.12.2016 изнесува 145.180 денари кој го сочинуваат неисплатени хонорари кон надворешно ангажирани лица. Со 31.12.2017 Здружението нема обврски по овој основ.

15. ПОСЛЕДОВАТЕЛНИ НАСТАНИ

Нема значајни настани кои се случиле по датумот на билансот на состојба, а кои треба да бидат обелоденети во овие финансиски извештаи.